Република Македонија
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на
## Државната комисија за спречување на корупцијата
## во 2005 година

**Скопје, декември 2005**

***СОДРЖИНА:***


СТАТУС И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ……….. 3

1 РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ……………………………………………….. 4

1.1 *Одржани седници, состаноци и други активности* .................................. 4

1.2 *Мислења и предлози за законски текстови* ........................................... 5

1.3 *Државна програма за превенција и репресија на корупцијата* .............. 6

1.4 *Учество на семинари и конференции и меѓународна соработка* ............ 8

1.5 *Соработка со домашни државни органи и институции* .......................... 10

1.6 Кампања за подигање на јавната свест против корупцијата ................. 12

2 ПОСТАПКА ПО АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ ЗА ПРИЈАВА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА ..........................................................................................12

3 ПОСТАПКИ ПО ПРИЈАВИ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ ............................ 14

3.1 *Претставки за неправилности во постапките за приватизација* ............ 16

3.2 *Претставки за работа на државни органи* и единиците на локалната самоуправа ...................................................... 17

3.3 *Претставки во врска со работата во јавните претпријатија, здравството и образованието* ................................................................ 20

3.4 *Претставки за работа на правосудните органи* ..................................... 21

3.5 *Преставки во врска со стечајни постапки* ............................................... 23

3.6 *Преставки за девијантни појави во трговски друштва* ............................ 23

3.7 *Други видови претставки* ........................................................................ 24

4 КОРИСТЕЊЕ НА ДОНАЦИИ И ДРУГА СТРАНСКА ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ......................................................... 24

5 КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИТИКАТА ............................................................. 25

6 ЕФИКАСНОСТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ВО РАБОТАТА ПО КОНКРЕТНИ ПРЕДМЕТИ И ПРЕТСТАВКИ ................................................ 26

7 ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПОСТАПУВАЊЕТО ......................................... 27

ГЕНЕРАЛНИ СОГЛЕДУВАЊА ................................................................... 27

ТАБЕЛИ ..................................................................................................... 29

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ЗА 2005 ГОДИНА

## СТАТУС И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

Во однос на статусот, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државна комисија) во текот на 2005 година не претрпе никакви промени. Тој останува дефиниран со Законот за спречување на корупцијата од 2002 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата донесен во јуни 2004 година (“Службен весник на РМ “ бр.46/04).

При извршувањето на своите надлежности, Државната комисија особено внимание посветува и на проценката на самиот Закон за спречување на корупцијата, и тоа од аспект на неговата конзистентност и ефикасност при практичната имплементација. Во втората половина од 2005 година беше формирана работна група, која во координација со претставници од Министерството за правда, ќе изготват текст за измените и дополнувањата на Законот. Ваквата активност произлегува особено од потребата за дополнително законско регулирање на статусот на членовите на Државната комисија, за што во наредниот состав се предвидува да бидат со професионален мандат, како и од потребата за дополнително уредување на соработката на Државната комисија со другите државни органи. Во однос на статусот на членовите на комисијата, сегашниот состав на Државната комисија и натаму останува на својот став дека законското решение за професионален статус на членовите ќе ја ослабне нивната позиција и ќе се одрази негативно на независноста во нивната работа.

Иако во Програмата за работа и во Програмата за буџетот за 2005 година беше предвидено дека ќе се направи сериозен напредок во поглед на кадровското екипирање на Секретаријатот на Државната комисија со прием на седум нови вработени, тоа не се реализира. Причините за тоа произлегуваат од рестриктивниот однос кон нови вработувања во јавната администрација, како и од потребата да се обезбедат квалитетни кадри од другите државни органи, кои по пат на преземање би се вработиле во Државната комисија. Поради тоа, во текот на извештајната година во Секретаријатот се вработи само едно лице, кое беше преземено од Управата за јавни приходи. Со сегашниот број од шест вработени може да

се констатира дека функцијата на Секретаријатот се извршува со максимално нивно ангажирање што не е соодветно на потребите на Државната комисија.

Состојбата на Секретаријатот поради непополнувањето со нови кадри неповолно се одразува и на работата на Државната комисија во целина, како и во остварувањето на нејзините законски надлежности. Фокусот на нејзиниот ангажман главно беше насочен кон следењето на конкретните случаи на коруптивно однесување, случаите на судир на интереси и друго, за сметка на делот на превенцијата на овие појави. Еден од главните приоритети на Државната програма за спречување на корупцијата претставува градењето на систем на мерки и активности во делот на превенцијата. Ова може да се постигне единствено со кадровското екипирање на Секретаријатот, согласно со Систематизацијата со која се предвидуваат 26 вработени, бидејќи само такаќе се создаде квалитетна организациона структура што во наредниот период ќе овозможи целосно остварување на надлежностите од Законот за спречување на корупцијата.

Од аспект на условите за работа на Државната комисија најголем проблем, со кој веќе три години се соочува, претставува нејзиното несоодветно просторно сместување. Постојните просторни услови ниту од далеку не одговараат на функцијата на Државната комисија, бидејќи не овозможуваат ниту најелементарни услови за работа. Во една просторија се сместени и работат сите членови на Државната комисија и Секретаријатот и притоа не може да се обезбеди потребната дискреција при комуникацијата со лицата кои во различни својства доаѓаат во Државната комисија. За овој проблем Државната комисија во повеќе наврати се обратила до Владата на Република Македонија, која според Законот е надлежна за обезбедувањето на услови за работа на Државната комисија, но досега нема никаков позитивен исход. Сериозноста на проблемот за соодветен простор бара најитно решавање, имајќи го предвид фактот дека веќе во наредната година членовите на Државната комисија ќе бидат со професионален статус. Доколку во најскоро време не се најде соодветен простор за работа на Државната комисија, ова прашање сериозно ќе влијае врз нејзината ефикасност.

## 1. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1.1. Одржани седници, состаноци и други активности

Согласно Законот за спречување на корупцијата и Деловникот за работа, Државната комисија работите од својата надлежност ги врши на седници. Во текот на извештајната година, односно во периодот од 28.12.2004 до 30.11.2005 година, биле одржани 63 седници, што споредбено со претходната година, кога биле реализирани вкупно 56 седници, претставува зголемување на бројот на одржани седници. Ваквата состојба се должи на потребата од совладување на

континуираниот прилив на претставки кои се доставуваат до Државната комисија, предметите кои се оформуваат по сопствена иницијатива, како и реализирање на останатите надлежности на Државната комисија.

Покрај членовите на Државната комисија на седниците редовно се присутни Генералниот секретар и претставници на Секретаријатот. Во зависност од специфичноста на случајот, заради разјаснување на одделни прашања, релевантни за донесување одлука, на седниците на Државната комисија се повикуваат и истакнати стручњаци.

Во текот на 2005 год. посебно се покажа како продуктивно вклучувањето на стручни лица во одделни предмети, кои според својата природа бараат стручна опсервација и соодветно презентирање на фактичката состојба.

По барање на подносителите на претставка, или по иницијатива на Државната комисија, одржани се 156 средби со граѓани и претставници на правни лица, на кои им се даваат дополнителни појаснувања за случајот, неопходни за донесување на одлука. Овие средби, во зависност од природата на самиот предмет, се реализираат од страна на член на Државната комисија, задолжен за негова обработка, повеќе членови, или пак од Државната комисија во полн состав.

Придржувајќи се кон одредбата на членот 14 став 2 од Деловникот за работата на Државната комисија, во текот на извештајниот период било побарано во 15 случаи и прифатено изземење на членови на Државната комисија кои во конкретен предмет имале каков било судир на интереси. На тој начин Државната комисија ја обезбедува неопходната објективност, како еден од основните предуслови за непристрасно извршување на своите надлежности.

### 1.2. Мислења и предлози по законски текстови

Една од значајните надлежности на Државната комисија претставува и давањето мислења и предлози по закони од значење за спречување на корупцијата (член 55 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата). Во поглед на оваа активност, Државната комисија редовно се произнесува по предлог - текстовите на законите што беа доставени до неа. Во текот на извештајниот период дадени се мислења по вкупно 6 закони, и тоа: Закон за заштита на сведоците, Закон за извршување на санкциите, Закон за слободен пристап до информациите, Закон за измена и дополна на законот за државни службеници, Закон за основање на агенција за железнички сообраќај и транспорт и Закон за хартии од вредност.

Имајќи го предвид бројот на донесени закони во текот на извештајниот период, до Државната комисија беше доставен незначителен број работни верзии на закони кои се од значење за спречување на корупцијата.

Во изминатиот период членовите на Државната комисија и Секретаријатот учествуваа во изготвувањето на повеќе работни верзии на закони и учествуваа на поголем број тркалезни маси, советувања и

слично. Таков ангажман е остварен при подготовката на Амандманите на Уставот на Република Македонија, Законот за пристап до информациите од јавен карактер, Законот за спречување на судирот на интереси, Законот за заштита на сведоци и измените на Изборниот законик.

Активно учество членови на Државната комисија имаа во Советот за реформа на правосудството, работната група за измените на Уставот на Република Македонија, Комитетот за изготвување на Годишната национална програма за подготовка на РМ за членство во НАТО, како и во Поткомитетот за правда и внатрешни работи меѓу РМ и ЕУ во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација.

Државната комисија беше вклучена како одговорна институција и институција учесник во одговарањето на Прашалникот на Европската Комисија по поднесеното барање на Република Македонија за членство во ЕУ.

### 1.3. Државна програма за превенција и репресија на корупцијата

Согласно членот 55 од Законот за спречување на корупцијата, во текот на 2003 година, Државната комисија ја донесе Државната програма за превенција и репресија на корупцијата (во натамошниот текст: Државна програма), во која, помеѓу другото, се предвидени мерки и активности кои треба да бидат преземени со цел да се обезбеди ефикасно спречување на корупцијата.

Државната програма според својата форма, но уште повеќе според содржината, не треба да се сфаќа како документ кој е од значење само за Државната комисија. Напротив, тоа е програма која мора да биде прифатена од сите чинители на власта и невладиниот сектор и нејзината имплементација мора да биде еден од нивните главни приоритети. Потребата од таков однос кон Државната програма најдиректно беше афирмирана од страна на Европската комисија, која во своето мислење по повод апликацијата на Република Македонија за членство во Европската унија укажа на неопходноста од прифаќањето и спроведувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, како и од препораката на ГРЕКО, Владата на Република Македонија и формално да ја усвои Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, иако од Законот не произлегува таква обврска, со што би ја изразила јасната определба за активно спроведување на антикорупциските политики.

Имајќи го предвид фактот што уште при нејзиното донесување Државната програма беше дефинирана како отворена за тековно менување и усогласување со актуелните состојби, во текот на 2005 година беше изготвено нејзиното прво дополнување. Имено, следејќи го процесот на децентрализацијата на власта од централно на локално ниво, Државната комисија процени дека таквата трансформација ќе доведе до значително пренесување на надлежностите на локалната самоуправа, која во иднина ќе располага и со значителни буџетски средства, па следствено на тоа ќе се “децентрализираат” и можностите за корупција.

Токму заради тоа, на 21 јуни 2005 година Државната комисија донесе Анекс на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата - Мерки за превенција и репресија на корупцијата во рамките на локалната самоуправа со Акционен план за имплементација. Во изготвувањето на Анексот, покрај надлежните државни институции, активно беа вклучени претставници од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), одреден број на градоначалници, членови на Совети на единиците на локалната самоуправа, локални медиуми и здруженија на граѓани, како и експерти. Со Анексот на локалните власти им се препорачуваат бројни мерки и активности со чија имплементација ефикасно ќе се влијае на спречување на корупцијата на локално ниво. Овие мерки и активности се поделени во четири области и тоа: Општинска администрација и локална управа; Јавен сектор; Транспарентност, одговорност и отчетност и Финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Државната комисија е должна да го следи и практичното имплементирање на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, донесена во 2003 година. Ова подразбира согледување на степенот на имплементираност на Државната програма, но истовремено и давање на препораки и мислења до оние органи и институции кои доцнат во имплеметацијата што е во нивен домен. За таа цел, во јуни 2005 година во Охрид беше одржана Втората конференција за оцена на имплементираноста на Државната програма, на која се донесени следните заклучоци:

- Државната програма е прифатена како Национален проект, кој е вграден во сите стратешки документи на Владата и тој се спроведува (според изјавата на Заменикот на Претседателот на Владата на Република Македонија);
- заклучокот од првата конференција за евалуација на Државната програма во јуни 2004, кој се однесува на изготвување на Анекс на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата – Мерки за превенција и репресија на корупцијата во рамки на локалната самоуправа целосно е реализиран. Анексот е усвоен на 21 јуни 2005 година;
- голем дел од препораките, посебно оние кои се однесуваат на измена и дополнување на постојните и донесување на нови закони се имплементирани. Од вкупно 42 посочени закони што треба да бидат донесени или изменети, за 21 од нив завршена е процедурата со тоа што се донесени или изменети, додека најголемиот дел од другите закони се во тек на измена или донесување.
- обврските од делот на примената на Државната програма, мерките се делумно имплементирани. Започнати се активностите за измени на Уставот на Република Македонија и за реформи на правосудниот систем, додека мерките за намалување на дискреционите права, целосно имплементирање на мерит системот и регулирање на судирот на интереси се недоволни;
- ангажираноста на Собранието, Владата и правосудните органи во имплементирањето на Програмата е задоволителна, но треба да се зајакне;
- владата донесе Стратегија за реформи во правосудството; и

- собранието на Република Македонија донесе одлука за започнување на постапката за измена на Уставот на Република Македонија за реформа во правосудството.

Едно од најзначајните поглавја во Државната програмата претставува областа од правосудството, каде што се сугерираат такви уставни и законски промени кои имаат димензија на темелна реформа на правосудниот систем. Сосема природно е што состојбата во правосудството го има централното место како во Државната програма, така и во активностите на Комисијата воопшто, со оглед да обезбедувањето на ефикасна судска заштита и владеењето на правото претставува и најефикасно средство во борбата со корупцијата. Во текот на извештајниот период конечно отпочна спроведувањето на овој дел од Државната програма и тоа преку промените на Уставот на Република Македонија, во делот кој се однесува на правосудството. Во текот на целата постапка по Уставните амандмани Државната комисија имаше активна улога.

Втор значаен сегмент кој произлегува од Државната програма претставува прашањето за дискреционите овластувања. Од тие причини Државната комисија ја прифати иницијативата која произлезе од страна на Владата на Република Македонија за преиспитување на дискреционите овластувања, пред сé од аспект на начинот на поставеноста и обемот на нивната примена. Имајќи ги предвид надлежноста и капацитетот на Државната комисија, реално беше да се искористи нејзиниот потенцијал во реализирањето на оваа активност, посебно што во нејзината најава беше промовирана потребата за соработка со Државната комисија. Таква соработка не беше остварена, ниту пак Државната комисија беше информирана за резултатите од работата на работната група формирана од страна на Владата на Република Македонија. Државната комисија на два пати писмено се обрати до Владата да ѝ биде доставен Извештајот за работата на експертскиот тим како и донесените заклучоци. Државната комисија смета дека во однос на надминувањето на состојбата со дискреционите права не е постигнат конкретен напредок и ова прашање и натаму останува сериозна пречка во спречувањето на корупцијата.

Позитивно придвижување во оваа насока претставува амандманот во Уставот на Република Македонија со кој се решава прашањето на имунитетот на министрите.

### 1.4. Учество на семинари и конференции и меѓународна соработка

Државната комисија во текот на извештајната година учествувала на 34 домашни и меѓународни конференции, семинари и средби.

Државната комисија ја продолжи соработката со сродни државни антикорупциски тела, со цел за запознавање со нивните надлежности, поставеноста и размената на искуства во однос на постапувањата.

Во тридневна официјална посета на Дражавната комисија за спречување на корупцијата беше делегација од Република Киргистан. На

остварената пријателска средба беа разменети искуства од досегашното работење, со оглед дека гостите поседуваа информација за досегашното успешно функционирање и добрата законска поставеност на Државната комисија, посетата беше со цел детално да се запознаат со надлежностите, поставеноста, организираноста и постапувањето на Државната комисија, за да можат да ја спроведат во нивната земја во намерите за конституирање на антикорупциско тело.

Во рамките на редовните програмски активности остварена е средба со Уредот за спречување на корупцијата и организираниот криминал на Република Хрватска (УСКОК) како и со Комисијата за спречување на корупцијата на Република Словенија. Покрај размената на искуствата беше постигната согласност за потребата од натамошно интензивирање на соработката, а со Комисијата на Република Словенија и можноста за склучување на договор за соработка. Член на Државната комисија кој беше во службена посета на Хонгконг, во март 2005 година оствари работна средба со Комисијата за борба против корупцијата (ИЦАЦ), која постои повеќе од 30 години и е една од водечките институции од овој вид.

Во рамките на Проектот ПАКО ИМПАКТ на Советот на Европа и Државната комисија како учесник во проектот организираа во Скопје Регионален тематски семинар и состанок на високо ниво на антикорупциските тела од Југоисточна Европа со наслов “Зајакнување на антикорупциските служби и нивната улога во имплементација на националните антикорупциски стратегии”. На конференцијата учествуваа претставници на антикорупциските тела и претставници на Владите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово (СЦГ), Црна Гора (СЦГ), Србија (СЦГ) и Република Македонија. На оваа регионална конференција од страна на претставниците на владите и администрациите беше потпишана заедничка Декларација со која, покрај другото, се обврзуваат за натамошна поддршка и јакнење на институционалните капацитети на антикорупциските служби.

За одбележување е и учеството на повеќе семинари и конференции како што се: Конференцијата во Истанбул, Турција за Антикорупциските стандарди и политика во организација на ОЕЦД, Регионалниот тематски семинар во Драч, Албанија на тема: “Апликација на конвенциите на Советот на Европа и на ОН”, организиран од страна на Советот на Европа, учество на Меѓународната конференција во рамките на програмата ”ОКТОПУС” при Советот на Европа на тема:”Борба против организираниот криминал”, која се одржа во Кашкаиш -Португалија.

Исто така, членови од Секретаријатот учествуваа на Регионалната работилница во Албена, Бугарија на тема: “Спречување на корупцијата и зајакнување на јавната етика во локалната власт”, организирана од Советот на Европа во рамки на проектот ОКТОПУС, и на Регионалната конференција во Будва во однос на јавните набавки. Делегација на Државната комисија учествуваше и на Регионалниот тематски семинар во Белград, на тема: “Антикорупциски тела и имплементација на законите за спречување на судирот на интереси”, во организација на ПАКО-ИМПАКТ и ОЕЦД.

Член на Државната комисија беше вклучен во македонскиот тим на експерти кој учествуваше на состанокот на ГРЕКО на кој се разгледуваше Вториот круг на оценка на мерките и активностите преземени во Република Македонија, во октомври 2005 година во Стразбур.

Потребно е да се нагласи дека трошоците за сите овие конференции беа покриени од страна на Советот на Европа (преку ПАКО ИМПАКТ проектот) и ОЕЦД.

Во овој период се остварени значаен број на работни состаноци со меѓународни делегации што беа во посета на Република Македонија, особено по поднесувањето на Апликацијата за рамноправно членство во Европската Унија. По тој повод се реализира средба со оценската експертска мисија на Европската комисија во РМ - експертот Мартин Полаине. За одбележување се и средбите со претставникот на Шведската агенција СИДА, програмскиот - менаџер за јавни финансии и реформа на јавната администрација на Европската агенција за реконструкција, со преставници на Програмата на ОН за развој - УНДП. Соработката со УНДП резултираше со потпишување на проектен документ со наслов "Борба против корупцијата за подобро управување".

Државната комисија учествуваше на голем број трибини, тркалезни маси и јавни расправи на кои тема беше корупцијата, организирани од страна на државни органи, невладини организации, меѓународни организации и образовни институции.

### 1.5. Соработка со домашни државни органи и институции

Државната комисија е специјализирано тело формирано за спроведување на Законот за спречување на корупцијата. Таквото нејзино својство и улога подразбира дека Државната комисија го има централното место во поглед на градењето на стратегијата за превенција и репресија на корупцијата, но таа не е единствената која треба да се справува со феноменот на корупцијата. Во ниту еден момент не смее да се занемари обврската на сите државни органи и институции за примена на антикорупциските стандарди при извршувањето на своите надлежности.

Токму затоа, соработката на Државната комисија со домашните државни органи и институции претставува неопходен предуслов за ефикасна борба со корупцијата.

Кога станува збор за реализирана соработка со домашните органи и институции секако дека централното место го зазема седницата на Собранието на Република Македонија, на која за првпат беше разгледуван Годишниот извештај за работата на Државната комисија. Ова беше значаен настан за Државната комисија, имајќи ја предвид нејзината отчетна позиција кон Собранието, но истовремено и заради потребата од дефинирање на ставови во поглед на антикорупциската политика од страна на највисокото политичко тело во Република Македонија. Искажаната поддршка од сите пратеници што учествуваа во расправата претставува потврда на прифатените принципи за неселективност и

објективност во работата на Државната комисија и обврска и во наредниот период таа да биде двигателот на антикорупциската политика во Република Македонија.

Во текот на извештајниот период соработката на Државната комисија со останатите државни органи и институции се реализираше во две насоки, и тоа едната, во однос на имплементација на Државната програма и втората, во делот на постапувањето по конкретни предмети. Со одделни исклучоци ваквата соработка може да се оцени како задоволителна, односно поповолна во однос на претходниот период.

Државната комисија оствари средба со: Претседателот на Република Македонија во врска со реформите на правосудниот систем, претседателот на Владата на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија по повод одржувањето на Конференцијата за оценка на имплементираноста на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата. Во рамките на програмската активност, Државната комисија оствари средба со министерот за правда, министерот за финансии, министерот за внатрешни работи и со претставници на Републичкиот судски совет. Заради интензивирање на соработката за поефикасна борба против корупцијата остварени се средби со директорот на Управа за јавни приходи, Дирекцијата за спречување на перење пари, ЈП за стопанисување со стамбен и деловен простор како и со претставници на Царинската управа.

Државната комисија цени дека особено значајна е добрата соработка со Државниот завод за ревизија, чии извештаи за контролата на финансиското работење на буџетските корисници многу често ги користеше за добивање сознанија и утврдувањето на фактичката состојба во поодделни случаи.

Државната комисија констатира дека релацијата со Јавниот обвинител на Република Македонија и во текот на извештајната 2005 година беше во фокусот на вниманието на јавноста и меѓународните претставници. Проблемот на несоработката доби такви димензии што беше внесен во заклучоците на Собранието на РМ и во мислењето на Европската комисија, по повод Апликацијата на Република Македонија за членство во Европската унија, со искажување на конкретна препорака дека заради ефикасна борба со корупцијата неопходно е обезбедување на координација помеѓу Јавниот обвинител и Државната комисија. Прифаќајќи ја ваквата препорака Државната комисија на 19.10.2005 год. се обрати до Јавното обвинителство на Република Македонија, со барање за одржување на заеднички состанок на кој би се разговарало за прашања што произлегуваат од надлежностите на овие две институции. Од страна на Јавниот обвинител на Република Македонија писмено беше одговорено дека барањето се прифаќа, но со оглед на планираните активности ниту тој, ниту кој било друг од Јавното обвинителство до крајот на годината нема можности да се сретне со Државната комисија. Ваквиот одговор Државната комисија го оцени како неприфатлив и фактичко потврдување на ставот на Јавниот обвинител дека нема желба за соработка, поради што одлучи да поднесе иницијатива до Владата на Република Македонија за утврдување одговорност на Јавниот обвинител

и преземање мерки за надминување на овој проблем. Непосредно по добивањето на Иницијативата, претседателот на Владата иницираше средба со Јавниот обвинител на Република Македонија и претседателот на Државната комисија. Средбата беше одржана на 28.11.2005 година на која беше констатирано дека покрај тековната соработка со основните јавни обвинителства, неопходна е и соработка на Јавниот обвинител на Република Македонија со Државната комисија, во функција на градење на осмислена стратегија во борбата со корупцијата, секако во рамките на законските надлежности на овие институции. Притоа, беше договорено да биде одржан работен состанок во средината на декември 2005 год.

### 1.6. Кампања за подигање на јавната свест против корупцијата

Во рамките на своите надлежности, Државната комисија во извештајниот период презеде активности за водење кампања во однос на подигањето на јавната свест на граѓаните за неприфаќање на корупцијата како начин на однесување. За реализација на ваквата надлежност е издадена брошура (на македонски, англиски и албански јазик) во која покрај запознавање на јавноста со надлежностите на Комисијата, се посочени и прашањата кои најчесто се упатуват од страна на физичките и правните лица, а дадени се и логото на Комисијата како и ЊЕБ страната каде што заинтересираните лица можат да се запознат со нејзините активности. Поаѓајќи од перцепцијата на граѓаните за високиот степен на корупција во судството, во текот на мај 2005 година, се организирани три еднодневни семинари со судската администрација од трите подрачја на апелационите судови, на кои учесниците беа запознати со одредбите на Законот за спречување на корупцијата, со Етичкиот кодекс на државните службеници (во кои спаѓат и вработените во судската администрација), како и за очекувањата на јавноста за ефикасно, непристрасно и професионално вршење на работата. Кампањата беше финансирана од ПАКО ИМПАКТ проектот на Советот на Европа.

## 2. ПОСТАПКА ПО АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ЗА ПРИЈАВИ НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА

Постапката за евидентирање и постапување по анкетните листови, кои согласно членот 34 од Законот за спречување на корупцијата избраните или именуваните функционери, одговорните лица во јавните претпријатија, јавните установи, или други правни лица што располагаат со државен капитал, како и службените лица, ги доставуваат до Државната комисија, претставува една од нејзините најзначајните надлежности.

Во текот на извештајниот период Државната комисија се соочи со дополнително ангажирање што произлезе од измените и дополнувањето на Законот за спречување на корупцијата, со кои се создаде обврска за пријавување на имотната состојба и од страна на службените лица.

Имајќи го предвид големиот број на службени лица во Република Македонија, од страна на Државната комисија беше извршена потребната комуникација и координација со државните органи и институции, со цел да се обезбеди унифицирано спроведување на оваа законска обврска. Со оглед дека Државната комисија сѐ уште не располага со адекватен простор за сместување на големиот број анкетни листови од службените лица, од државните органи е побарано по нивното прибирање да се изврши уредна евиденција и истите соодветно да се обезбедат во рамките на матичните институции, до добивањето на натамошните инструкции од страна на Државната комисија.

Покрај претходно доставените анкетни листови во посочениот период во Државната комисија се примени нови 157 анкетни листови од избрани или именувани лица. Добиени се 29 известувања за измена на функцијата, 5 за повторен избор, 18 за престанок на функцијата, како и 74 за промена во имотната состојба. Добиени се 7529 анкетни листови од службените лица вработени во 71 државен орган.

Поради недоставување или ненавремено доставување на анкетен лист до надлежните судови беа поднесени 44 барања за поведување на прекршочна постапка. По поднесените барања нема завршница, додека по поднесените барања во 2003 и 2004 година добиени се 28 решенија од кои во најголем број (16) е запрена постапката поради застареност. Со тоа уште еднаш се потврдува претходно искажаниот став на Државната комисија дека со ваквата казнена политика се девалвира казнената одредба предвидена во Законот за спречување на корупцијата, се потценува обврската за поднесување на анкетните листоиви и се губи смислата и целта заради која е воспоставена ваква законска обврска за носителите на јавни функции.

До Управата за јавни приходи Државната комисија достави 13 барања за испитување на имотната состојба на избрани или именувани функционери, и тоа: два пратеника, три судии, еден градоначалник, еден директор на јавно претпријатие и шест члена на управен одбор во јавно претпријатие. По нив, како и по претходните шест барања доставени во 2004 година, добиен е само еден одговор. Од ефектите на досегашната примена на ваквата одредба Државната комисија воопшто не е задоволна. Државната комисија смета дека постапката по анкетните листови не може да ги постигне посакуваните ефекти доколку таа се сведе само на евидентирање на имотната состојба на избраните или именувани функционери, без притоа да се спроведе ефикасна проверка на содржината на анкетните листови. За таа цел потребно е итно создавање на неопходни услови во Управата за јавни приходи, преку воспоставување на единствена база на податоци за имотот на граѓаните, како и кадровско екипирање на службата која ќе биде во функција на проверката на анкетните листови.

За прв пат е применет членот 38 од Законот согласно кој ако во постапката не се докаже дека имотот е стекнат, односно зголемен како резултата на редовни примања се оданочува со стапка од 70%, при што Управата за јавни приходи донесе едно решение за задолжување со персонален данок на доход на непријавени и неоданочени приходи

(примања). Таквото решение следеше по барање на Државната комисија во 2003 година за испитување на имотната состојба на директорот на ООЗТ Институти, со оглед дека тој не ја извршил законската одредба да пополни анкетен лист.

Досегашното искуство на Државната комисија во поглед на извршувањето на надлежноста за следење на имотната состојба на избраните или именувани лица го наметнува размислувањето за одредени измени во Законот за спречување на корупцијата. Една од алтернативите, која може да го ублажи проблемот со недостиг на ефикасна база на податоци, претставува воспоставување на законска обврска за објавување на содржината на анкетниот лист на ЊЕБ страната ка Државната комисија.

## 3. ПОСТАПКА ПО ПРИЈАВИ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајниот период Државната комисија посвети големо внимание во однос на работата по предмети, кои се оформени врз основа на добиени претставки од страна на граѓани и правни лица, како и предмети иницирани од страна на Државната комисија по добиени сознанија од медиумите.

Бројот од вкупно пристигнати пријави од 563 укажува на континуиран прилив како и во претходните години, со намалување за 10% на примените претставки во однос на претходната година, кога беа доставени 627. Според мислењето на Државната комисија ваквото благо намалување се должи пред се на информираноста на граѓаните за законските надлежности на Државната комисија.

***Графички приказ на работа по предмети***




Државната комисија постапувајќи во согласност со законските надлежности за превентивно дејствување и за дејствување по добиени директни (непосредни) сознанија и индиректни информации објавени во

медиумите по сопствена иницијатива оформи 18 предмети за актуелни настани и појавите во кои се укажува на случаи на корупција. Тоа се доста значајни случаи, на пример: менаџерските договори во ЕСМ, измена на ДУП во Охрид непосредно пред локалните избори, постапките за вработувања и отпуштања во единиците на локалната самоуправа, изградбата на објект во Градскиот парк на место на поранешниот Кампинг, издадената документација за објектот Кермес и други.

Со оглед на фактот што во изминатите години Државната комисија не успеваше да го совлада приливот на предмети и бележеше заостаток во нивното решавање, во текот на извештајниот период беа направени значителни напори во совладувањето на заостанатите предмети. Така во овој период во работа се земени вкупно 798 предмети, од кои 592 се решени, што во споредба со претходната година, кога беа решени вкупно 325 предмети, претставува значителен напредок.

Во поглед на структурата на решените предмети задржан е соодносот на видот на донесените одлуки како и во претходниот период. Поднесени се вкупно 31 иницијатива, кои се однесуваат на казнено гонење, разрешување, утврдување на друг вид одговорност, препораки и укажувања. Од страна на Државната комисија доставени се 90 претставки до други органи за натамошно постапување, и тоа 21 до основните јавни обвинителства, 17 до Републички судски совет, 14 до Министерство за внатрешни работи како и до други државни органи, во 89 случаи по преземените дејствија констатирано е дека нема елементи за натамошно постапување и во 389 случаи констатирана е ненадлежност на Државната комисија.

***Графички приказ на решени предмети***




Забележителен е големиот број на случаи во кои е утврдено дека Државната комисија нема надлежност да постапува, и тоа претежно се предмети од судска надлежност, или пак по кои постапуваат органите на управата, во кои се третираат имотно-правни спорови на граѓаните и кои

по ниту еден основ не можат да бидат предмет на постапување на Државната комисија.

Во текот на извештајниот период Државната комисија до државните институции и органа, како и до органите на локалната самоуправа има испратено 252 дописи и ургенции, со барање на податоци, извештаи и други информации неопходни за утврдување на фактичката состојба и донесување на соодветна одлука, а добиени се 170 одговори по нив*.* Тоа упатува на заклучокот дека од страна на државните органи и институции, како и од локалната самоуправа не се почитува доследно нивната обврска за соработка со Државната комисија.

***Графички приказ за испратени дописи и добиени одговори***




До Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи и Секторот за централна внатрешна ревизија се испратени барања за контрола на материјално-финансикото работење на 26 правни субјекти. Од нив се добиени 14 извештаи што се должи на долготрајноста на оваа постапка.

Согласно одредбите од Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија по сопствена иницијатива, а по константирани неправилности при извршените ревизии на годишните сметки има доставено 9 извештаи.

### 3.1. Претставки за неправилности во постапките за приватизација

Во текот на извештајниот период до Државната комисија се доставени вкупно 23 претставки од областа на приватизацијата на општествениот капитал. Од страна на Државната комисија се земени во работа 31 предмет. Во овој период се решени 29 предмети, од кои во еден случај е поднесена иницијатива до Јавниот правобранител за преземање соодветни правни средства за заштита на државниот капитал,

девет предмети се доставени до други институции и органи на натамошно постапување, во осум предмети по преземање на дејствија е констатирано дека нема елементи за натамошно постапување, а во 11 случаи е констатирана ненадлежност на Државната комисија.

Поднесената иницијатива до Јавниот правобранител на РМ се однесува на приватизацијата на АД за производство на спортска конфекција и трговија со опрема за спорт, лов и риболов "Македонија спорт" ЦО Увоз-Извоз Скопје, сега АД "Окитекс". Од документацијата се констатира дека во текот на 1994 и 1995 година, Управата за јавни приходи не можела да изврши контрола над примената на Законот за општествен капитал од причини што "Македонија спорт" не поседувал никаква документација. Имено, не била воведена евиденција за запишани и отплатени акции, ниту вонкниговодствена евиденција на акционери или каков било документ за бројот на акционери кои имале акции и во кој износ како и за начинот на отплата на акциите, врз основа на што може да се утврди сопственичката структура и вредноста на претпријатиетo. Меѓутоа, и покрај ваквата состојба во 1995 година била дадена согласност од страна на Агенцијата за приватизација и Владата на РМ за негова трансформација, и е извршена продажба со склучен договор со "Њест Траде" импорт – експорт ГНБН Франкфурт, при што било утврдено дека главнината на друштвото со трансформацијата по основ на прибавување дополнителен материјал ќе изнесува 3.266.000 ДЕМ. Поради сомневање дека е оштетен општествениот капитал, побарано е Јавното правобранителство да преземе мерки за заштита на законитоста во врска со трансформацијата на ова претпријатие.

Од споредбените податоци за изминатите години Државната комисија констатира дека во однос на првата година, односно периодот во 2003 год., кога биле доставени вкупно 97 претставки од оваа област, во текот на извештајниот период се бележи значително намалување на претставките. Тоа се должи на фактот што приватизациониот процес е во завршна фаза и дека спорните случаи на трансформација на општествениот капитал својата разрешница ја бараат во судските постапки.

### 3.2. Претставки за работа на државни органи и единиците на локалната самоуправа

Претставките кои се однесуваат на работата на државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа, според својот број, но и според своето значење се најзастапени и најзначајни во работата на Државната комисија. Во извештајниот период се оформени 177 предмети од оваа област, во работа се земени 233, а решени 154 предмети.

Во пет случаи поднесени се иницијативи за казнено гонење, една иницијатива за разрешување, две за утврдување одговорност, една иницијатива за поништување на одобрение за градба. Во седум случаи се доставени препораки и укажувања за преземање на соодветни мерки за санирање на одредени неповолни состојби, 11 предмети се доставени на натамошно постапување, во 34 по преземање на дејствија е констатирано

дека нема елементи за натамошно постапување, а во 97 случаи е констатирана ненадлежност на Државната комисија.

Кон државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа упатени се 100 дописи, а добиени се 62 одговори.

Анализирајќи ги предметите од оваа област повторно се констатира дека најголем дел се однесува на сферата од урбанизмот и градежништвото и тоа поради ненавременото интервенирање на градежната инспекција, како и бавното спроведување на актите со кои се санкционира нелегалната градба. При измените и дополните на Деталните урбанистички планови се прават обиди за вклопување на веќе бесправно изградените објекти, со што дополнително се стимулира оваа појава.

Посебно за одбележување е т.н. населба “Шпанско село” со диво изградените објекти во Парк шумата “Водно”, како и градбите во Градскиот парк во Скопје.

Иницијативата до Јавниот обвинител на Република Македонија за поведување на постапка за утврдување на кривична одговорност за одговорните лица од надлежните органи во врска со изградбата на ексклузивни станбени објекти во Градскиот парк во Скопје на локацијата на поранешен Кампинг е поднесена поради тоа што Државната комисијата заклучи дека градбата на ексклузивните апартмани не е во согласност со издадената техничка документација.

Имено, подготвителните работи за изградба на овој објект започнале во април 2003 година, а измените на Деталниот урбанистички план се направени во јули 2004 година.

Според документацијата за градба, која сукцесивно, повеќепати е изменувана во однос на обемот и видот на градбата, предвидено е градба на подземно паркиралиште - катна гаража, објект со намена за комерцијални дејности и хотел за спортисти. Според фактичката состојба се градат луксузни апартмани, кои преку јавните гласила веќе биле понудени за продажба, по цена од 1450 евра $м^2$.

Ова укажува дека сегашната намена на просторот суштински се разликува од намената дефинирана во издадените услови и одобренија за градба, при што е отстапено од главната цел, објектот да биде во функција на Градскиот парк, Стадионот и воопшто во функција на граѓаните за обезбедување на спортско-рекреативни активности како и амортизирање на проблемот со паркирање во тој дел на градот

Иницијативите за казнено гонење на одговорни раководни и службени лица во Министерството за транспорт и врски, во Советот на општината и во Општината Центар од Скопје и во канцеларијата на главниот архитект на Град Скопје, како и за поништување на Одобрението за градење и привремено запирање на изградбата на објектот “Кермес” се поднесуваат поради тоа што:

Во јули 2004 година при донесувањето на Деталниот урбанистички план за Градскиот парк - Скопје, повеќе одговорни раководни и службени лица во Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Центар, Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот, Советот на Општината Центар и одговорниот функционер на

Општината Центар - Скопје, ја искористиле службената положба и овластување и ги пречекориле границите на своите службени овластувања со тоа што постапиле спротивно на Генералниот урбанистички план на Градот Скопје и спротивно на нормативите и стандардите за уредување на просторот според Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за нормативи и стандарди за уредување на просторот и Законот за заштита на споменици на културата. Имено локалитетот и објектот "Кермес" во Градскиот парк, кој е прогласен за споменик на културата од Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје и треба да се задржи во постојната состојба без промена на површината, габаритот и висината на постојниот објект, со донесениот Детален урбанистички план на Општината Центар за Градскиот парк, овој објектот бил неколку пати зголемен со целосно изменета положба.

Во мај 2005 година, Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски на општина Центар, на инвеститорот му издала одобрение за градење, спротивно на мислењето на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје, наведените законски одредби и ГУП на град Скопје, со коефициент на искористеност од 100 %, спротивно на Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

Главниот архитект на град Скопје, и покрај тоа што до Општината Центар доставил стручно мислење по Нацрт - деталниот урбанистички план на Општината, во кое навел дека објектот "Кермес" треба да се потврди со постојниот габарит, дал согласност на идеен проект за објект угостителски комплекс "Кермес", што е спротивно на законските одредби и на Генералниот урбанистички план на град Скопје. Со одобрението за градење објектот би бил целосно изменет и воопшто не би бил задржан во рамките на постојниот габарит определен во Генералниот урбанистички план.

Државната комисија констатира дека со таквата постапка на одговорните раководни и службени лица, доколку изградбата се реализира, би се предизвикале штетни последици од големи размери и многу би се оштетило и во значителна мерка би се деградирало централното јадро на Градски парк во Скопје, а објектот "Кермес", споменик на културата од прва категорија, не се задржува во првобитната положба туку целосно се изменува, со што како посебен белег се брише од сеќавањето на градот и граѓаните.

За утврдените факти и околности изготвена е посебна Информација која е доставена до Собранието и Владата на Република Македонија, како и до Градот Скоје и Општината Центар.

Во процесот на денационализација останува констатацијата дека тој се одвива многу бавно и дека не постои јасно изразена политичка волја на надлежните органи за забрзување на овој процес, со што се оневозможуваат поранешните сопственици да го добијат имотот кој им е одземен без правен основ. Според Комисијата, една од причините за ова е што лицата задолжени за постапување по барањата за денационализација редовно вршат други работни задачи, а по предметите

за денационализација работат дополнително, што влије за неефикасно решавање на предметите од оваа област. Покрај ова, членовите на комисиите за денационализација за својот ангажаман во комисиите добиват редовно месечен надоместок, што пак од друга страна се цени дека немат интерес предметите да ги завршуват побрзо. Изостанува и соодветна соработка помеѓу комисиите за денационализација и Министерството за транспорт и врски, поради што не ретко, иако тече процесот за денационализација, за ист имот да се донесе решение за градба на други лица, што е спротивно на Законот за денационализација.

### 3.3. Претставки во врска со работата во јавните претпријатија, здравството и образованието

Во текот на 2005 година до Државната комисија доставени се вкупно 68 претставки кои се однесуваат на работата на јавните претпријатија, здравството и образованието. Во споредба со претходната година кога биле примени вкупно 96 предмети, забележително е намалување на бројот на претставките од оваа област. Во овој период се земени во работа 117 предмети, а решени се 83. Поднесена е една иницијатива за казнено гонење, една за утврдување на одговорност, а поднесена е и една препорака и укажување до Владата на Република Македонија. Во 22 случаи предметите се проследени на натамошно постапување на други органи, во 10 случаи по преземени дејствија констатирано е дека нема елементи за натамошно постапување, а во 48 случаи констатирана е ненадлежност на Државната комисија.

Заради обезбедување на потребни податоци Државната комисија испратила 34 дописи, по кои добиени се 23 одговори.

***Графички приказ на решени предмети 3.3.***



Еден од позначајните случаи каде што Државната комисија дејствуваше во превентивна насока е во врска со склучените менаџерски договори во АД Електростопанство на Македонија Скопје, за што донесе заклучок да се информира Владата на Република Македонија, како основач на АД Електростопанство на Македонија, со укажување на штетата која врз основа на склучените менаџерски договори во АД Електростопанство на Македонија може да настане по интересите на АД Електростопанство на Македонија и државата.

Ваквиот заклучок на Државната комисија произлезе од следното:

Врз основа на членот 25 од Статутот на АД Електростопанство на Македонија, во јануари 2005 година биле склучени девет договори за уредување на односите помеѓу Друштвото и членовите на Управниот одбор на АД Електростопанство на Македонија.

И покрај фактот што од формален аспект овие договори се во согласност со општите акти на Друштвото, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека при нивното склучување не се водело сметка за начелата на совесно, одговорно и непристрасно однесување.

Покрај другото, особено индикативни се одредбите од договорот кои се однесуваат на траењето и престанокот на договорот, каде статусната промена на Друштвото, или промената на сопственичкото право на Друштвото е предвидена како “добра (оправдана) причина” за менаџерот тој да побара негово раскинување, а со тоа и стекнување право за надоместок на штета од 20.000 евра, исплата на разликата на плата што би ја примал до истекот на договорот, како и исплата на осигурителната сума според осигурителната полиса “менаџмент”. Ваквата одредба е оценета како пристрасна, имајќи го предвид фактот дека постапката за приватизацијата на АД Електростопанство на Македонија е во тек. Наедно, Државната комисија смета дека е нелогично поврзувањето на статусната промена на АД Електростопанство на Македонија, со заштитата на поединечните права на членовите на Управниот одбор.

Предметните договори се неконзистентни и од причина што во нив е дадена можност на менаџерите, тие без оправдана причина, односно со потполно дискреционо право да побараат раскинување на договорот и притоа да стекнат право за исплата на штета, разлика на плата и осигурување.

Владата на Република Македонија во октомври 2005 година ја разгледала Информацијата на Државната комисија при што заклучила дека Министерството за економија заедно со Надзорниот одбор на АД Електростопанство на Македонија треба да ги преиспитаат менаџерските договори и да се изврши усогласување на практичните точки од договорите, а потоа да ја информираат Владата.

### 3.4. Претставки за работата на правосудните органи

Преставките кои се однесуваат на работата на правосудните органи и во текот на извештајниот период беа застапени во значителен број. Во текот на 2005 година до Државната комисија доставени се вкупно 152

преставки од оваа област. Во споредба со претходната година кога биле примени вкупно 182 предмети, се забележува намалување на бројот за 16.5%. Во овој период земени се во работа 229 предмети, а решени се 202, што значи дека од една страна е совладан приливот на овие предмети, а наедно се завршени и 50 случаи од претходниот период.

Поднесени се шест иницијативи и тоа две за казнено гонење, две за утврдување на одговорност, една за утврдување одговорност на Јавниот обвинител на РМ, и една за преиспитување на постапувањето на заменик основен јавен обвинител. Во 19 случаи предметите се проследени на натамошно постапување на други органи, во 11 случаи по преземени дејствија констатирано е дека нема елементи за натамошно постапување, а во 166 случаи констатирана е ненадлежност на Државната комисија.

Забележителен е големиот број на предмети кај кои е констатирана ненадлежност на Државната комисија (166). Тоа се должи на фактот што овие претставки се однесуваат на предмети кои се од чисто судска природа, а Комисијата нема надлежност да ги преиспитува судските одлуки.

Една од поднесените иницијативи за казнено гонење се однесува на случајот со застарена кривична пријава поднесена од страна на Бирото за стокови резерви за неовластено отуѓување на стоковите резерви складирани во КК Годел Скопје, во вкупна вредност од 123.640.342 денари.

Врз основа на доставената документација, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека од страна на Основното јавно обвинителство Скопје по предметната кривична пријава не се постапувало непристрасно, објективно, ефикасно и навремено, што била негова обврска согласно членот 4 од Законот за јавно обвинителство. Тоа била и основната причина да дојде до застарување на кривичното гонење на лице кое било пријавено за неовластено отуѓување на стоковите резерви на Република Македонија. Имено, на заменикот основен јавен обвинител потребна му била една година за да констатира дека не е задоволен од добиениот посебен извештај од УВР Скопје, за да по неговото дополнително обраќање до УВР Скопје две години не се заинтересира што станува со овој предмет. Државната комисија за спречување на корупцијата, исто така, констатира дека поголемиот дел од податоците кои биле барани и повеќе од четири години чекани од УВР Скопје, Основното јавно обвинителство Скопје ги имало кај себе, со оглед да тие се содржани во прилозите доставени со кривичната пријава, па наместо да биде поднесено барање за спроведување на истрага до надлежниот основен суд и со тоа да се спречи настапување на застареноста, заменикот основен јавен обвинител кој постапувал по овој предмет намерно ја одолжувал постапката.

Државната комисија по оваа иницијатива достави информација до Собранието на Република Македонија, со оглед на тоа што согласно Законот за јавното обвинителство, јавните обвинители и нивните заменици за својата работа одговараат пред Собранието на Република Македонија

### 3.5. Претставки во врска со стечајни постапки

И покрај фактот што стечајните постапки претставуваат сегмент од работата на правосудните органи, Државната комисија нив ги следи одделно, со оглед дека според бројот и формите на манифестација заслужуваат издвоено третирање.

Во извештајниот период до Државната комисија доставени се вкупно 55 претставки кои се однесуваат на стечајни постапки. Во споредба со претходната година кога биле примени вкупно 42 предмети, забележително е зголемување на бројот на претставките од оваа област. Во овој период се земени во работа 65 предмети, а се решени 45. Поднесена е една Иницијатива за казнено гонење. Во пет случаи предметите се проследени на натамошно постапување на други органи, во 13 случаи по извршена проверка констатирано е дека нема елементи за натамошно постапување, а во 26 случаи констатирана е ненадлежност на Државната комисија.

Државната комисија испратила 22 дописи, по кои се добиени 20 одговори.

Поднесената Иницијатива за утврдување на кривична одговорност на одговорно лице - стечаен управник на "Алмако Банка АД" Скопје и одговорни раководни лица од "Холдинг компанијата БС", се однесува на предметот за стечајната постапка за "Алмако Банка" АД Скопје. Стечајниот управник и одговорните раководни лица, со пропуштање на преземање на законски мерки во рамки на своите надлежности, за активирање на акцептните налози, активирање на хипотеката и други законски мерки спрема "Холдинг Компанијата БС" Скопје, овозможиле да останат нереализирани поголем број побарувања, односно да не се создадат услови за намирување на повеќе доверители - државни органи и институции.

На овој начин, стечајниот управник и другите одговорни раководни лица оневозможиле капиталот и финансиските средства да и се вратат на банката односно на доверителите, со што, тие се оштетени со 22.670.944,00 денари или 373.633.00 евра.

Државната комисија, постапувајќи по предметите констатира дека во текот на стечајните постапки често се обезвреднува имотот на стечајниот должник со што се загрозуваат правата на доверителите, меѓу кои редовно се јавуваат и државните органи и фондови. Поради тоа неопходно е дополнително законско уредување на оваа материја, сé со цел да се обезбеди поефикасно спроведување на овие постапки, како и да се елиминираат можностите за злоупотреба од страна на стечајните органи.

### 3.6. Претставки за девијантни појави во трговски друштва

Во текот на 2005 година до Државната комисија се доставени 32 претставки за работата на трговските друштва. Државната комисија во однос на работењето на приватните трговски друштва има лимитирана

надлежност, која се однесува пред сé во спречувањето на создавањето на монополска положба на пазарот и дискриминација на други трговски друштва.

Во овој период се земени во работа 61 предмет, а решени се 41. Поднесена е една иницијатива за казнено гонење. Во 13 случаи предметите се проследени на натамошно постапување на други органи, кај 11 случаи по извршена проверка е констатирано дека нема елементи за натамошно постапување, а во 16 предмети е констатирана ненадлежност на Државната комисија.

Државната комисија испратила 32 дописи, по кои се добиени 22 одговори.

### 3.7. Други видови претставки

Покрај, од веќе презентираните области, Државната комисија има примено и 56 претставки со разна друга проблематика.

Во текот на извештајниот период земени се во работа 65 предмети, а решени се 38. Во 11 случаи предметите се проследени на натамошно постапување на други органи, кај два случаи по извршена проверка е констатирано дека нема елементи за натамошно постапување, а во 25 предмети е констатирана ненадлежност на Државната комисија.

Заради прибирање на дополнителни сознанија Државната комисија испратила 10 дописи, по кои се добиени 8 одговори.

## 4. КОРИСТЕЊЕ НА ДОНАЦИИ И ДРУГА СТРАНСКА ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

Една од надлежностите на Државната комисија, која во практиката нема своја реализација е следењето на донациите и другата странска помош. Во членот 27 од Законот за спречување на корупцијата предвидено е дека кога како корисници на донации и друга странска помош се јавуваат државни органи, јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал, тие се должни да ја известат Државната комисија за планот на користењето на средствата и да достават завршен извештај за начинот на кој овие средства се искористени. Државната комисија е должна еднаш годишно да го извести Собранието на Република Македонија за состојбата со користењето на ваквата странска помош, и извештајот треба да биде објавен во средствата за јавно информирање.

Наспроти ваквата законска обврска, очигледно е дека Државната комисија не е во можност да ја реализира, и тоа од едноставна причина што во текот на извештајниот период примено е само едно известување за добиена странска донација. Се работи за известување добиено од Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство, за донација добиена од УНЕСКО во износ од 29.000 евра.

Во наредниот период неопходно ќе биде преземање на дополнителни активности од страна на Државната комисија за да се укаже на потребата од воспоставување на систем за следење на користењето на странската помош.

## 5. КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИТИКАТА

Прашањето за корупцијата во политиката и во текот на извештајната година беше актуелно во работата на Државната комисија, особено затоа што во 2005 година беа одржани локалните избори. Кога се говори за корупцијата во политиката, гледано од аспект на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и надлежностите на Државната комисија, посебно се издвојуваат подрачјата на злоупотреба на буџетските средства и јавните фондови за финансирањето на политичките партии и изборните кампањи, поткупувањето на избирачите, како и влијанието при избор, именувања и разрешување на раководни места.

Со донесувањето на Законот за финансирањето на политичките партии само делумо се обезбеди јавност во ова подрачје, со оглед на тоа што преку ангажирањето на буџетски средства за оваа намена се овозможи и адекватна контрола на Државниот завод за ревизија при нивното располагање. Меѓутоа, и понатаму останува проблемот со финансирањето на изборните кампањи, со оглед на тоа што во таквите активности на политичките партии се трошат огромни финансиски средства, а нивните извори се далеку од очите на јавноста. Ваквата состојба е неповолна од повеќе причини, од кои две се особено значајни. Прво, се јавува злоупотреба на буџетските средства и средствата на јавните фондови, што пртеставува сериозна злоупотреба на овалстувањата на одговорните лица кои раководат со тие институции и второ, преку нетранспарентното финансирање на политичките партии од страна на приватни компании се создава обврска по освојувањето на власта овие компании да имаат привилегиран третман на пазарот, со што се шири вирусот на корупцијата.

Со оглед на лимитираните можности Државната комисија непосредно да може да ги утврди ваквите штетни активности, пред локалните избори јавно укажа и ги предупреди корисниците на буџетските средства на забраната за нови инвестиции и вонредни исплати во текот на изборната кампања.

Државната комисија следејќи ги локалните избори, по добиените сознанија за случаи на поткупување на избирачите, упати пет известувања до надлежниот Јавен обвинител и Државната изборна комисија, согласно членот 14 од Законот за спречување на корупцијата. Тоа беа случаи отпочнување со градба на извесни инфраструктурни објекти од значење за локалното население. Од страна на Јавниот обвинител, Државната комисија е известена дека наводите во добиените информации се потврдени, меѓутоа дека не станува збор за сторено кривично дело, бидејќи таквата активност е реализирана од приватни

средства на кандидатите за градоначалници. Државната комисија констатира дека тоа е наполно погрешно толкување на една прецизна законска одредба и дека пасивниот однос на Јавниот обвинител во однос на ова прашање не придонесува кон превенцијата на корупцијата во политиката.

Во извештајниот период и натаму е актуелен проблемот со влијанието на политиката при избор, именувања и разрешување на раководните лица. Ваквиот проблем особено беше изразен по завршувањето на локалните избори, посебно со имплементирањето на зголемените надлежности на локалната власт кои произлегоа од процесот на децентрализација. Државната комисија констатира дека и натаму основен критериум при изборот и именувањето на раководни лица во институциите и јавните претпријатија претставува партиската припадност, најчесто без спроведување на постапки на јавен конкурс и без јасно дефинирање на критериумите кои треба да обезбедат стручност и компетентност на овие лица.

## 6. ЕФИКАСНОСТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ВО РАБОТАТА ПО КОНКРЕТНИ ПРЕДМЕТИ И ПРЕТСТАВКИ

Соочена со континуираниот прилив на претставки доставени од страна на граѓани и правни лица, како и предметите кои ги оформува по сопствена иницијатива, Државната комисија во текот на извештајниот период особено внимание посвети на зголемувањето на својата ефикасност. За таа цел беа одржани поголем број на седници, вкупно 63 што споредено со претходниот период, кога се одржани 56, претставува значително интензивирање на работата. Таквиот интензитет на работа резултираше со зголемување на ефикасноста во постапувањето по предметите, што се огледа како од бројот на земените предмети во работа од 798, наспроти 351 во претходната година, така и од бројот на решени предмети од 593 во 2005 година, во однос на 325 во 2004 година.

И покрај тоа што надлежностите на Државната комисија се до фазата на поднесување иницијатива до надлежните органи за преземање на натамошни мерки, Државната комисија смета дека ефектот од нејзината работа може да се смета за продуктивен единствено со доследно постапување по нејзините иницијативи. Токму затоа, Државната комисија инсистира на натамошно следење на постапувањето по овие предмети и често укажува на бавното постапување по нив, па дури и на примерите на игнорирање на поднесените иницијативи.

Државната комисија смета дека ефикасноста може многу повеќе да се зголеми доколку во наредниот период се изврши доекипирање на нејзиниот Секретаријат.

## 7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПОСТАПУВАЊЕТО

Воспоставениот принцип за транспарентност во работењето Државната комисија доследно го промовираше и во текот на извештајниот период. Причината за таквиот приод е сознанието дека единствено со јавното презентирање на појавните облици на корупцијата и манифестирање на одлучност за нивно елиминирање може да се очекуваат позитивни резултати на планот на генералната превенција.

Во текот на 2005 година Државната комисија одржа три прес конференции, испрати 24 соопштенија за јавноста. Членови на Државната комисија имаа значителен број настапи за разни пишани и електронски медиуми на кои ги презентираа ставовите на Државната комисија во однос на состојби и теми од областа на корупцијата. Државната комисија во овој период даде свој придонес и кон активностите на невладиниот сектор, со учество на нејзините членови на разни трибини, дебати и други форми на јавни презентации, преку кои проблемот со корупцијата и начинот на нејзиното совладување се доближува поблиску до граѓаните.

## ГЕНЕРАЛНИ СОГЛЕДУВАЊА

Државната комисија за спречување на корупцијата, поаѓајќи од своите законски надлежности оценува дека во Република Македонија сé уште не е воспоставен ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата. Тоа се должи на присутните неповолни состојби во јавната администрација, во смисла на нејзината професионалност и ефикасност во работењето, состојбата на непостоење и непочитување на правилата за судирот на интереси, бавноста во решавањето на управните и судските постапки, високиот степен на дискрециони права и непочитувањето на законите.

Ова во значителна мера се одразува на економската и социјалната состојба, и создава атмосфера на недоверба на граѓаните во државните институции и во владеењето на правото.

Во текот на извештајниот период Државната комисија продолжи со извршувањето на своите надлежности кои произлегуваат од Законот за спречување на корупцијата. Според реализираните активности може да се констатира зголемување на интензитетот и ефикасноста во работата на Државната комисија.

Активностите на Државната комисија и во овој период беа сконцентрирани на спроведувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата. Свесна дека таа програма нема алтернатива, Државната комисија продолжи со нејзината афирмација, инсистирајќи кај Владата на Република Македонија и останатите институции препораките содржани во овој документ да бидат безрезервно прифатени, се со цел преку нивната имплементација да се воспостави конзистентен систем на превенција на корупцијата.

Во текот на 2005 година, со реализирањето на процесот на децентрализација, се отворија и нови можности за коруптивно

однесување во рамките на локалната самоуправа. Со донесувањето на Анексот на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, кој се однесува токму на локалните власти, Државната комисија препорача мерки и активности од превентивен карактер, со чија примена ќе може да се етаблира одговорно извршување на надлежностите на локалните органи. Следењето на функционирањето на локалната самоуправа и реализирањето на препораките од Анексот на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и во наредниот период ќе биде еден од приоритетите на Државната комисија.

Со јавното презентирање на одделни свои активности и ставови во врска со актуелни случаи, Државната комисија влијае на подигањето на јавната свест за корупцијата. Преку сопствениот пример за транспарентен приод во работењето Државната комисија го промовира принципот на транспарентно, одговорно и отчетно работење.

Државната комисија смета дека постои очигледен расчекор помеѓу воспоставувањето на легислативната рамка, која се однесува на корупцијата и резултатите од нејзината практична имплементација. Тоа значи дека во наредниот период активностите на надлежните институции ќе мора да се фокусираат кон доследно спроведување на позитивните прописи.

Државната комисија не е задоволна од начинот на кој постапуваат по нејзините иницијативи одделни органи, особено од аспект на ефикасноста на нивното третирање од страна на институциите до кои се поднесени. Инертниот однос кон работата на Државната комисија остава впечаток на немање вистинска волја за сериозна борба со детектираните случаи на корупција.

Искажаната поддршка од Собранието на Република Македонија при расправата по повод Годишниот извештај за работата на Државната комисија за 2004 година претставува потврда на прифатените принципи за неселективност и објективност во нејзината работа и обврска Државната комисија и во наредниот период да биде двигател на антикорупциските активности во Република Македонија.

Согласно со членот 55 од Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија поднесува Годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија, а го доставува до Претседателот на Републиката, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање.

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

ПРИЛОГ 1
ТАБЕЛА 1

# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ
(декември 2004 - ноември 2005)

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПРЕДМЕТИ ПО ИНИЦИЈАТИВА НА КОМИСИЈАТА 18 | | | |
| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 563 | | | |
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 798 | | | |
| РЕШЕНИ | 593 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ 252 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 170 |
| | | АНКЕТНИ ЛИСТОВИ | |
| ИНИЦИЈАТИВИ | 31 | ПРИМЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ | 157 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 90 | ПРИМЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ОД 71ДРЖАВЕН ОРГАН | 7529 |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 89 | ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ИЗМЕНА | 126 |
| | | ПОДНЕСЕНИ ПРКРШОЧНИ ПРИЈАВИ | 44 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 389 | ДОБИЕНО РЕШЕНИЕ | 28 |

СКОПЈЕ ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА

ПРИЛОГ бр.1
ТАБЕЛА бр.2

# ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА

(декември 2004 - ноември 2005)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 23 | | | | |
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 31 | | | | |
| РЕШЕНИ | 29 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 22 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 16 |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА *трансформација на "Окитекс" АД | 1 | ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР | 1 | 1 |
| | | НБРМ | 4 | 4 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 9 | МВР | 1 | 1 |
| | | КОМИСИЈА за ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 2 | 1 |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 8 | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА | 2 | 1 |
| | | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 3 | 3 |
| | | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 2 | 1 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 11 | ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ | 1 | 0 |
| | | МИНИСТЕРСТВО за ТРУД И СОЦ.ПОЛИТ. | 1 | 0 |
| | | ДРЖАВ. ЗАВО Д за ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 1 | 0 |
| | | ЈП за СТОПАН.со СТАМБ.и ДЕЛОВ.ПРОСТ. | 1 | 1 |
| | | БИРО ЗА СТОКОВИ РЕЗЕРВИ | 1 | 1 |
| | | ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ | 1 | 1 |
| | | ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | | |
| | | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 1 | 1 |

ПРИЛОГ бр.1
ТАБЕЛА бр.3

## ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ЗА
## РАБОТА НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
(декември 2004 - ноември 2005)

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 177 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 233 | | | | |
| РЕШЕНИ | 154 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 100 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 62 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА КРИВИЧНО (КАЗНЕНО) ГОНЕЊЕ | 5 | ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 14 | 10 |
| *Општина Другово, јавни набавки | | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 5 | 4 |
| *Општина Делчево, изградба на објект на Градски стадион | | МВР | 5 | 2 |
| *Државен завод за геодетски работи, јавни набавки | | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 7 | 6 |
| *изградба на објекти во Градски парк (поранешен Кампинг) | | ДРЖАВЕН ЗАВОД за ЗАШТ.на ИНДУС. СОП. | 1 | 1 |
| *изградба на објект во Градски парк - Кермес | | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 2 | 1 |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ | 1 | ЦАРИНСКА УПРАВА | 2 | 1 |
| *заменик претседател на Градски комитет за урбанизам, | | ВЛАДА НА РМ (второстепени комисии) | 9 | 2 |
| комунално стамбени работи и сообраќај Скопје | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 7 | 2 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ | 2 | МИНИСТЕРСТВО ТРУД И СОЦ. РАБОТА | 2 | 2 |
| *Државен заво за заштита на индустриската сопственост | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ | 1 | 1 |
| *службени лица кои постапуваат по барања за денационализација | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 1 | 1 |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ | 1 | МИНИСТЕРСТ.ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 29 | 19 |
| *изградба на објект во Градски парк - Кермес | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ | 2 | 0 |
| ПРЕПОРАКИ И УКАЖУВАЊА | 7 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 2 | 2 |
| *до Собрание на РМ изградба на објект во Градски парк - Кермес | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 1 | 1 |
| *до Советот на Град Скопје изградбата на објект во Градски | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 1 | 0 |
| парк - Кермес | | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА | 1 | 1 |
| * до Советот на општината Центар за изградбата на објект во | | КОМИС. за ЗАШТИТА на КОНКУРЕНЦИЈА | 1 | 1 |
| Градски парк - Кермес | | АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 1 | 1 |
| *до општина Охрид, измена и дополна на ДУП | | АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛИЖБЕНИЦИ | 1 | 1 |
| *до Владата за утврдување на сопственичката структура во | | НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ | 1 | 1 |
| гасоводот | | ДРЖАВЕН АРХИВ | 1 | 0 |
| * суспендирани решенија од страна на министерот за економија | | УПРАВА Зза ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВ. | 1 | 0 |
| * до ЗЕЛС за почитување на законски одредби при вработувања | | СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА | 1 | 1 |
| и отпуштања во ЕЛС | | ЗДРУЖЕНИЕ на ФИНАНСИ. РАБОТНИЦИ | 1 | 1 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 11 | ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА КОНТРОЛА НА | | |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА | | МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | | |
| НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 34 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 1 | 1 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 97 | МФ ЦЕНТРАЛНА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | 2 | 1 |

ПРЕДМЕТИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ЕЛС

ПРИЛОГ бр.1
ТАБЕЛА бр.4

# ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ЗА РАБОТАТА ВО ЈП, ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ

(декември 2004 - ноември 2005)

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 68 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 117 | | | | |
| РЕШЕНИ | 83 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 34 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 23 |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА КРИВЧНО (КАЗНЕНО) ГОНЕЊЕ<br>* поранешен Декан на Факултетот за физичка култура | 1 | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 1 | 0 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 3 | 2 |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ<br>* јавните набавки во Македонската радио телевизија | 1 | МВР | 3 | 3 |
| | | МИНИСТЕРСТ.ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 3 | 2 |
| ПРЕПОРАКА И УКАЖУВАЊЕ ДО ВЛАДА НА РМ<br>*менаџерските договори во ЕСМ | 1 | МИНИСТЕРСТВО ТРУД И СОЦ. РАБОТА | 1 | 1 |
| | | ЈП за стопанисување со спортски објекти | 4 | 1 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 22 | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 2 | 2 |
| | | ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ | 2 | 1 |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 10 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 2 | 0 |
| | | АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 1 | 1 |
| | | ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА РМ | 3 | 3 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 48 | МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ | 3 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 1 | 1 |
| | | ВЛАДА | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 1 | 0 |
| | | УНИВЕРЗИТЕТИ | 1 | 1 |
| | | ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | 1 | 1 |
| | | ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | | |
| | | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 7 | 4 |
| | | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 1 | 0 |
| | | МФ ЦЕНТРАЛНА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | 5 | 1 |

ПРЕДМЕТИ ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ И ЈП

ПРИЛОГ бр. 1
ТАБЕЛА бр. 5

# ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ЗА РАБОТА НА ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ

(декември 2004 - ноември 2005)

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 152 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 229 | | | | |
| РЕШЕНИ | 203 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 32 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 19 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА КРИВИЧНО (КАЗНЕНО) ГОНЕЊЕ | 2 | РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ | 8 | 2 |
| *застарена Кривична пријава против директорот на КК Годел | | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 1 | 1 |
| *застарена Кривична пријава против директорот на Институт | | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 4 | 4 |
| за белодробни заболувања | 2 | СУДОВИ | 13 | 8 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ДО РСС | | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 1 | 1 |
| *утврдување на одговорност на судија од Основен суд Куманово | | МВР | 2 | 1 |
| *утврдување на одговорност на судија од Основен суд Гегелија | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 3 | 3 |
| ИНИЦИЈАТИВА ДО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 1 | | | |
| *преиспитување на постапувањето на заменик основен јавен обвинител од ОЈО Скопје | | | | |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ | 2 | | | |
| *судии поротници од Апелационен суд Штип (до Собрание на РМ) | | | | |
| *судии поротници од Апелационен суд Штип (до Апелационен суд Штип) | | | | |
| СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 1 | | | |
| *застарена Кривична пријава против директорот на КК Годел | | | | |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 1 | | | |
| *утврдување на одговорност на Јавниот обвинител на РМ | | | | |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 19 | | | |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 11 | | | |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 166 | | | |

ПРИЛОГ бр. 1
ТАБЕЛА бр. 6

# ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА
(декември 2004 - ноември 2005)

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 55 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 65 | | | | | |
| РЕШЕНИ | 45 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 22 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | 20 |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА КРИВИЧНО (КАЗНЕНО) ГОНЕЊЕ | 1 | СУДОВИ | 10 | | 9 |
| *Стечајна постапка на "Алмако банка" АД Скопје | | РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ | 1 | | 1 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 5 | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 1 | | 1 |
| | | МВР | 3 | | 2 |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 13 | ДИРЕ. ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ | 1 | | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 1 | | 1 |
| | | ДРЖАВ. ЗАВО Д за ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 1 | | 1 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 26 | НОТАР | 1 | | 1 |
| | | БАНКА | 1 | | 1 |
| | | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 1 | | 1 |
| | | СТЕЧАЕН УПРАВНИК | 1 | | 1 |

ПРИЛОГ бр. 1
ТАБЕЛА бр. 7

# ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ЗА ДЕВИЈАНТНИ ПОЈАВИ ВО ФИРМИ
(декември 2004 - ноември 2005)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 32 | | | | |
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 61 | | | | |
| РЕШЕНИ | 41 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 32 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 22 |
| ИНИЦИЈАТИВА ЗА КРИВИЧНО (КАЗНЕНО) ГОНЕЊЕ<br>*Раководни лица од АД "СОЛУН" Гевгелија | 1 | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 10 | 9 |
| | | МВР | 7 | 3 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 13 | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 6 | 4 |
| | | СУДОВИ | 2 | 2 |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 11 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 1 | 0 |
| | | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 1 | 1 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 16 | МИНИСТЕРСТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 1 | 0 |
| | | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА | 1 | 0 |
| | | ДРЖАВ. ЗАВО Д за ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 1 | 1 |
| | | ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | | |
| | | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 6 | 5 |

ПРЕДМЕТИ ДЕВИЈАЦИИ ВО ФИРМИ

ПРИЛОГ бр.1
ТАБЕЛА бр.8

# ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ЗА РАЗНИ УКАЖУВАЊА - ОПШТИ

(декември 2004 - ноември 2005)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 56 | | | | |
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 65 | | | | |
| РЕШЕНИ | 38 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 10 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 8 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 11 | ВЛАДА | 1 | 1 |
| | | МВР | 1 | 1 |
| ПО ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА КОНСТАТИРАНО ДЕКА НЕМА ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ | 2 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 1 | 0 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 1 | 0 |
| КОНСТАТИРАНА НЕНАДЛЕЖНОСТ | 25 | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 1 | 1 |
| | | ДРЖАВ. ЗАВО Д за ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 2 | 1 |
| | | ЈП за СТОПАН.со СТАМБ.и ДЕЛОВ.ПРОСТ. | 1 | 1 |
| | | СОВЕТ за РАДИОДИФУЗИЈА | 1 | 1 |
| | | ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | | |
| | | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 2 | 1 |

ПРЕДМЕТИ РАЗНО

ПРИЛОГ бр. 1
ТАБЕЛА бр. 9

# АНКЕТНИ ЛИСТОВИ
(декември 2004 - ноември 2005)

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПРИМЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ОД ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА 157 | | | |
| ПРИМЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ОД 71 ДРЖАВЕН ОРГАН 7529 | | | |
| ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ИЗМЕНА НА ФУНКЦИЈА | 29 | ПОКРЕНАТА ПОСТАПКА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА | |
| ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР | 5 | ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА 13 ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | 1 |
| АНКЕТЕН ЛИСТ ПО ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈА | 18 | | |
| ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ИЗМЕНИ НА ИМОТНА СОСТОЈБА | 74 | РЕШЕНИА ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА НЕПРИЈАВЕН ИМОТ | 1 |
| ПОКРЕНАТА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ШТО НЕ ПОДНЕЛЕ АНКЕТЕН ЛИСТ 44 | | | |
| ДОБИЕНИ ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНИ ПРК ВО 2003 ГОДИНА | | ДОБИЕН ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНИ ПРК ВО 2004 ГОДИНА | |
| ПРЕСУДИ (изречени парични казни) | 3 | ПРЕСУДА ( изречена парична казна) | 3 |
| РЕШЕНИЕ (ПРК опомена) | 5 | РЕШЕНИЕ (ПРК опомена) | 1 |
| РЕШЕНИЕ (се запира и отфрла) | 14 | РЕШЕНИЕ (се запира и отфрла) | 2 |
| *вложена жалба | 2 | *вложена жалба | 2 |
| ДОБИЕН ОДГОВОР ПО ПОДНЕСЕНИ ПРК ВО 2005 ГОДИНА | | | |
| ПРЕСУДИ (изречени парични казни) | 0 | | |
| РЕШЕНИЕ (ПРК опомена) | 0 | | |
| РЕШЕНИЕ (се запира) | 0 | | |
| *вложена жалба | 0 | | |